Финансирано од Европска Унија

Digital Inclusion Initiative

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОЛИТИКАТА: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*Јули 2025 г*

## МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА ВО С. МАКЕДОНИЈА

Дигиталната инклузија добива сè поголем приоритет на политичката агенда на С. Македонија, што е отсликано во законската регулатива и стратегиите како Нацрт - националната ИКТ стратегија (2023-2030 г.), Националната развојна стратегија (2024–2044 г.), и Нацрт - законот за пристапност на веб - страниците и мобилните апликации (2024 г). Освен на пристапот и на инфраструктурата, политиките се фокусираат и на дополнителни аспекти за да ги опфатат и развојот на компетенциите и социјалната инклузија, посветувајќи се на ранливите групи како лицата со попреченост и постарите лица, преку образование за сајбер безбедност и пристапни е-услуги. Сепак, рамката е фрагментирана, недостига меѓусекторска кохерентност, а дигиталната инклузија е разделена низ секторите како образование, здравство и вработување. Усогласувањето со стандардите на ЕУ се одвива преку усвојување закони за заштита на податоци усогласени со ГДПР, со Директивата НИС2 и со програмата Дигитална Европа, но и понатаму постојат пропусти во имплементацијата на законската регулатива.







KEC Qendra për Arsim e Kosovës Kosova Education Center
Centar za obrazovne politik Centre for Education Policy
STEP BY STEP
MACEDONIAN CIVIC EDUCATION CENTER
CSDC Qendra e Zhvillimit të Shoqerisë Civile Civil Society Development Center
proMENTE socijalna istraživanja social research

## ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ И ПРЕПОРАКИ

### *Предизвици*

Фрагментираните политики на С. Македонија без јасна дефиниција за дигитална инклузија водат до неконзистентна имплементација низ различните сектори. Мониторингот и евалуацијата се слаби, без јавни извештаи за напредокот, а зависноста од донаторско финансирање ја попречува одржливоста. Ранливите групи се соочуваат со постојани бариери: урбано – рурален јаз (4,6% разлика во интернет пристапот за домаќинства), ниско ниво на дигитални вештини (35% основно ниво вештини наспрема ЕУ просекот од 56%) и непристапни услуги (на пр., само 33% училишта имаат асистивни технологии). Институционалната координација е слаба, со нарушен континуитет во управувањето што ги одолговлекува стратегиите, како Стратегијата за ИКТ. Приватниот сектор повремено се активира во подобрувањето на дигиталната инклузија низ целото општество.

## ПРЕПОРАКИ

### *Општи*

Сеопфатна дефиниција за дигитална инклузија во унифицирана национална политика, што ќе вклучува динамични аспекти, како технолошки развој и области на примена. Воспоставување Агенција за дигитална трансформација за подобра координација, како и создавање на национален фонд со комбинирање на државните и донаторските ресурси за одржливо финансирање на програмите за дигитална инклузија. Користење и дополнително зајакнување на соработката со Граѓанските организации за дигитална инклузија. Зајакнат мониторинг преку централизирана база за транспарентност и меѓуинституционално споделување податоци.



## КОНКРЕТНО ЗА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ

За лицата со попреченост и постарите, задолжителна усогласеност со НПВС на сите јавни веб сајтови и субвенционирање на алатките за пристапност (на пр., говор-од-текст). За руралните групи и групите со ниски примања, повеќе ваучери за интернет и донирање уреди, за 100% покриеност на руралното население до 2030 г. За Ромите и младите, интеграција на адаптирана дигитална писменост во училиштата и СОО, со цел 68% млади да имаат барем просечни вештини до 2027 г. Поддршка на партнерството на Граѓанските организации и локалните институции за обуки во заедниците, со фокус врз постарите лица преку пензионерски здруженија. Поддршка на успешни неформални или граѓански иницијативи за дигитална инклузија, како „Донирај компјутер" и ваучерите на Бреинстер за дигитално образование.

## ДОБРИ ИЛИ НАДЕЖНИ ПРИМЕРИ ЗА ПОЛИТИКИ

Националната стратегија за лица со попреченост (2023–2030 г.), имплементирана од Министерството за труд и социјална политика со поддршка од Министерството за дигитална трансформација и граѓанските организации, се фокусира на дигиталната пристапност како алатка за инклузија. Клучните идни чекори вклучуваат дигитализација на процедурите за социјална заштита, обезбедување учебници во аудио формат и со Брајова азбука, како и адаптација на е-услугите за целосно учество. Имплементацијата на оваа стратегија придонесе за зголемено запишување на ученици со посебни потреби во редовните училишта за 10% во 2023/2024 г., со ангажирање на 820 образовни асистенти. Оваа стратегија е усогласена со КПЛП на ОН и со ЕУ стандардите, и претставува пример за меѓусекторска политика за намалување на дигиталната исклученост за населението со попреченост.